# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ
## За период Јануари - Јуни 2018 година

Алкалоид АД Скопје за периодот Јануари - Јуни 2018 оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните единечен и консолидиран Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2018 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Алкалоид АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот Јануари - Јуни 2018 година изнесуваат 3.870.785 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 5%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 94%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2017 година бележат пораст од 4%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот Јануари - Јуни 2018 година изнесуваат 4.918.631 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 4%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 97%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2017 година бележат пораст од 5%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот Јануари - Јуни 2018 година изнесуваат 3.439.795 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 5%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот Јануари - Јуни 2018 година изнесуваат 4.490.430 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 5%.

**Дивиденда**

На 2 април 2018 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2017 година во износ од 386.465 илјади денари односно 270 денари бруто за една акција. Исплатената нето дивиденда за 2017 година изнесува 243 денари за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари - Јуни 2018 година изнесуваат 561.358 илјади денари.

**Обврски по кредити**

Вкупните консолидирани обврски по кредити на 30.06.2018 година изнесуваат 741.703 илјади денари.

**Нови вработувања**

Во периодот Јануари - Јуни 2018 година во Алкалоид се реализирани 105 нови вработувања во Република Македонија.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот Јануари - Јуни 2018 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2018 | | 2017 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **18/17** |
| Домашен пазар | 1.387.313 | 38 | 1.368.702 | 39 | 101 |
| Странски пазар | 2.260.556 | 62 | 2.138.589 | 61 | 106 |
| **Вкупно:** | **3.647.869** | **100** | **3.507.291** | **100** | **104** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2018 | | 2017 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **18/17** |
| **Македонија** | **1.777.460** | **37** | **1.770.996** | **39** | **100** |
| Југоисточна Европа | 1.662.595 | 35 | 1.462.374 | 32 | 114 |
| Русија и други земји во ЗНД | 269.025 | 6 | 305.395 | 7 | 88 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 971.189 | 20 | 956.814 | 21 | 102 |
| Други земји (САД, Турција и др.) | 107.471 | 2 | 58.430 | 1 | 184 |
| **Вкупно странски пазари** | **3.010.280** | **63** | **2.783.013** | **61** | **108** |
| **Вкупно:** | **4.787.740** | **100** | **4.554.009** | **100** | **105** |

Од вкупните консолидирани продажби, 63% се остварени на странски пазари. Најголем пораст кај извозните пазари е остварен во следните земји: Полска раст од 642%, Унгарија раст од 505%, САД раст од 112%, Украина раст од 88%, Чешка раст од 48%, Србија раст од 24%, Косово раст од 23%, Хрватска раст од 4% итн.

(Во 000 Ден)

| | 2018 | | 2017 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **18/17** |
| Антибиотици | 669.215 | 14 | 627.171 | 14 | 107 |
| ОТЦ препарати | 995.178 | 21 | 957.894 | 21 | 104 |
| Кардиолошки препарати | 817.186 | 17 | 743.057 | 16 | 110 |
| Невролошки препарати | 621.139 | 13 | 582.631 | 13 | 107 |
| Останати линии | 453.115 | 9 | 447.078 | 10 | 101 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **3.555.834** | **74** | **3.357.831** | **74** | **106** |
| Трговска стока | 431.091 | 9 | 433.509 | 10 | 99 |
| Услуги и останати приходи | 26.564 | 1 | 39.754 | 1 | 67 |
| **Вкупно Фармација** | **4.013.488** | **84** | **3.831.094** | **84** | **105** |
| **Вкупно Хемија** | **136.156** | **3** | **163.510** | **4** | **83** |
| **Вкупно Козметика** | **466.865** | **10** | **435.630** | **10** | **107** |
| **Вкупно Билкарство** | **171.231** | **4** | **123.775** | **3** | **138** |
| **Вкупно:** | **4.787.740** | **100** | **4.554.009** | **100** | **105** |

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

**(Во 000 Ден)**

| | **2018** | | **2017** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **18/17** |
| Единечна ЕБИТДА | 701.479 | 19 | 649.689 | 19 | 108 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 710.686 | 15 | 668.995 | 15 | 106 |

**Нето добивка**

**(Во 000 Ден)**

| | **2018** | | **2017** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **18/17** |
| Единечна Нето добивка | 400.335 | 11 | 374.887 | 11 | 107 |
| Консолидирана Нето добивка | 376.775 | 8 | 361.750 | 8 | 104 |

Остварената единечна Нето добивка во 2018 година изнесува 400.335 илјади денари и во споредба со остварената во 2017 година бележи зголемување за 7%.

Остварената консолидирана Нето добивка во 2018 година изнесува 376.775 илјади денари и во споредба со остварената во 2017 година бележи зголемување за 4%.